

КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI
KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


Јули, 2021

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „27ми април - ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-2/20

На 01.07.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на јавниот обвинител.

На 06.07.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на дел од одбраната.

На 14.07.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на бранителите и обвинетите во постапката.

На 26.07.2021 година, судот ја изрече и јавно објави пресудата со која обвинетите ги огласи за виновни. Судот изрече казна затвор за еден обвинет во траење од 6 години, двајца од нив на 6 години и 3 месеци и еден обвинет на 6 години и 6 месеци.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 05.07.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 сведок предложен од странките во постапката.

На 14.07.2021 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази на одбраната на обвинетите.

На 19.07.2021 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази на одбраната на обвинетите.

На 21.07.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради проверка на листите на докази предложени во предметот.

## „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“  КОК-49/20

На 06.07.2021 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од одбраната на обвинетите.

На 13.07.2021 година, на рочиштето за главна расправа, одбраната на обвинетите поднесе барање за изземање на јавниот обвинител.

## „ТОПЛИК“  КОК-57/17

На 02.07.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на одбраната на обвинетите.

На 07.07.2021 година, на рочиштето за главна расправа одбраната поднесе барање за изземање на вештакот.

На 09.07.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради непотполн судечки совет.

**„Член на Судски совет З.Т.“ КОК-27/21**

На 02.07.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинети од здравствени причини.

**„ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17**

На 13.07.2021 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на една обвинета од здравствени причини.

**„ДИАМЕД“ КОК-44/21**

На 08.07.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на одбраната за увид во списите на предметот.

**„ПЛАЦЕВИ НА ВОДНО“ КОК-63/21**

На 16.07.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше даден воведен говор од страна на јавниот обвинител.

**„ТАЛИР 2“ К-1413/19**

На 13.07.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранители во постапката.

**„ТОРТУРА“ К-1959/17**

На 08.07.2021 година, на рочиштето беше повторно отворена главната расправа.

На 14.07.2021 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од странките во постапката.

На 23.07.2021 година, судот јавно ја објави пресудата со која ги ослободи обвинетите од вина.

**„МОЌНИК“ К-2616/20**

На 02.07.2021 година, рочиштето за главна расправа беше отпивикано од страна на судот.

На 14.07.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинети во постапката.

**„ТРЕВНИК“ К-1925/20**

На 06.07.2021 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на судијата од здравствени причини.

На 13.07.2021 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство.

## „JАВНА СОБА“ К-1851/21

На 22.07.2021 година, на рочиштето за главна расправа беше даден воведен говор од страна на јавниот обвинител.